EVN

# ПРОГРАМА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ

## на активностите на ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје за обезбедување на објективност и транспарентност и спречување на дискриминаторско однесување при вршење на дејност дистрибуција на електрична енергија

**Скопје, 2018 година**

**СОДРЖИНА**


1 Вовед ..... 3

1.1 Законски основ за донесување на Програмата ..... 3

1.2 Цели на Програмата ..... 3

1.3 Примена на Програмата ..... 4

2 Внатрешни процеси ..... 4

3 Мерки за спречување на дискриминаторско однесување ..... 5

4 Раздвојување на дејноста ..... 6

4.1 Правно раздвојување ..... 6

4.2 Функционално раздвојување ..... 7

4.3 Менаџерско раздвојување ..... 8

4.4 Финансиско и сметководствено раздвојување ..... 8

4.5 Информационо раздвојување ..... 9

5 Обезбедување на заеднички услуги ..... 9

6 Антикорупција ..... 10

7 Имплементација на Програмата ..... 11

8 Влегување во сила ..... 12

# 1 Вовед

Програмата за усогласување на активностите на ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје (во понатамошниот текст: ЕВН Електродистрибуција) за обезбедување на објективност, транспарентност и спречување на дискриминаторско однесување при вршење на енергетската дејност дистрибуција на електрична енергија (во понатамошниот текст: Програма) има за цел да обезбеди еднаков и транспарентен пристап на сите учесници на пазарот на електрична енергија до услугите на операторот на дистрибутивниот систем на електрична енергија (во понатамошниот текст: ОДС). Со оваа Програма се предвидуваат мерки за спречување на дискриминаторно однесување, при што се обезбедуваат соодветни обврски за вработените на ЕВН Електродистрибуција.

Енергетската дејност дистрибуција на електрична енергија се врши под услови кои се утврдени во Законот за енергетика и лиценцата за вршење на енергетската дејност врз основа на начелата на објективност, транспарентност и недискриминираност на подрečјате за кое е издадена лиценцата, како јавна услуга која мора да биде достапна во секое време на потрошувачите и вршителите на енергетски дејности по регулирана цена и регулирани и јавно објавени услови за пристап и користење на услугите, имајќи во предвид сигурност, континуираност и квалитет на услугата, заштита на животната средина и ефикасно користење на енергијата.

Со цел да се овозможи недискриминаторен пристап и еднаква положба на сите учесници на пазарот на електрична енергија, ОДС обезбедува користење на дистрибутивната мрежа врз основа на регулирани, транспарентни и објективни начела, а особено должен е да обезбеди непристрасност кон поврзаните субјекти во рамките на вертикално интегрираното претпријатие.

## 1.1 Законски основ за донесување на Програмата

Оваа Програма на ЕВН Електродистрибуција е донесена во согласност со член 97, став (6) од Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија бр. 96/2018), според кој, ЕВН Електродистрибуција како ОДС , односно како носител на лиценца за дистрибуција на електрична енергија, е должна да изготви Програма за усогласеност со која ќе се утврдат мерки кои треба да се превземат заради оневозможување на дискриминација на корисниците на електродистрибутивниот систем по која било основа, да се дефинираат обврските на вработените во реализација на програмата и да се утврди начинот за следење на усогласеноста на работењето на ОДС со програмата. Програмата ја одобрува Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија (во понатамошниот текст: РКЕ) пред истата да влезе во сила.

## 1.2 Цели на Програмата

Целта на оваа Програма е да обезбеди:

- сигурна, безбедна и квалитетна испорака на електрична енергија до/од корисниците на дистрибутивната мрежа, и

- спречување на дискриминаторско однесување, објективност и транспарентеност во вршењето на јавна услуга дистрибуција на електрична енергија од страна на ОДС.

## 1.3 Примена на Програмата

Оваа Програма се применува со цел за обезбедување на објективност, транспарентност и спречување на дискриминаторско однесување при вршењето на дејноста дистрибуција на електрична енегија од страна на ЕВН Електродистрибуција во улога на ОДС, при што кон неа ќе се придржуваат лицата кои што се одговорни за управувањето и раководењето на ЕВН Електродистрибуција и вработените во ЕВН Електродистрибуција.

Лицата кои што се одговорни за управувањето и раководењето на ЕВН Електродистрибуција, во согласност на оваа Програма се: Управителите на друштвото, Советодавната комисија, Прокуристите назначени од страна на друштвото, како и Раководители на одделите и корисничко енергетските центри кои се составен дел на друштвото. Организациските единици на ЕВН Електродистрибуција како дел од вертикално интегрираното претпријатие ЕВН Македонија АД Скопје, (во понатамошниот текст: ЕВН Македонија) е дадена во Слика 1 подолу во овој документ.

# 2 Внатрешни процеси

ЕВН Електродистрибуција ќе обезбеди внатрешните процеси на работење и организација да не создаваат повластена позиција на одредени учесници на пазарот на електрична енергија за сметка на останатите учесници на пазарот на електрична енергија. ЕВН Електродистрибуција ќе ги следи и ќе обезбедува еднаков третман на учесниците на пазарот на електрична енергија при следните активности/процеси:

- Планирање и развој на дистрибутивната мрежа
- Управување и одржување на дистрибутивната мрежа
- Пресметки/фактурирање на испорачана електрична енергија
- Испорака/прекинување на испорака на електрична енергија
- Отстранување на дефекти
- Промена на снабдувач
- Користење на мрежата
- Приклучување на корисници на дистрибутивната мрежа
- Контакти со корисници
- Ограничување на прекумерно превземање на моќност
- Мерење, отчитување, контрола, надзор, замена и одржување на мерните уреди

- Управување со податоци од мерни уреди

# 3 Мерки за спречување на дискриминаторско однесување

Со цел да обезбеди објективност, транспарентност и спречување на дискриминаторско однесување во исполнувањето на обврската за обезбедување на јавна услуга, ЕВН Електродистрибуција во функција на ОДС на територијата на Република Македонија ќе се придржува кон следните начела и принципи:

- ОДС е независен во вршењето на јавната услуга дистрибуција на електрична енергија.

- Користењето на дистрибутивната мрежа се врши согласно Општите услови за пристап и користење на дистрибутивната мрежа.

- ОДС во рамки на својот домен на работа ќе превзема мерки за отстранување на секаков вид на дискриминација на пазарот за електрична енергија.

- Ниеден учесник на пазарот нема да има повластена положба за сметка на друг учесник на пазарот на електрична енергија.

- Пристапот и приклучувањето на дистрибутивната мрежа се врши согласно законските и подзаконските акти кои се во сила.

- ОДС ќе обезбеди приоритет во пристапот на дистрибутивната мрежа на производствен капацитет од обновливи извори.

- Одбивањето на пристапот на дистрибутивната мрежа треба да е соодветно образложено со прецизно наведување на причините поради кои истото е направено.

- Се гарантира право на приговор по одлуките на ОДС до РКЕ. Пред поведување на жалбена постапка, ОДС ќе се обиде настанатите спорни прашања да ги реши на мирен начин.

- Одлуките донесени од страна на ОДС мора да бидат јасни, прецизни и детално образложени во рамки на законските рокови.

- Прекинувањето на испораката на електрична енергија се врши согласно законските и подзаконските акти кои се во сила.

- Развојот и надградбата на дистрибутивната мрежа се прави согласно планот за развој на дистрибутивниот систем и годишните инвестициски планови одобрени од страна на РКЕ.

- Отстранувањето на дефектите во дистрибутивната мрежа ОДС ќе го врши во најбрз можен рок имајќи ги во предвид временските услови, обемот на дефект, пристапноста до теренот и соработката со граѓаните и институциите.

- ОДС ќе ја извршува својата улога во процесот на промена на снабдувач на транспарентен и недискриминаторен начин, во согласност со законските и подзаконските акти кои се во сила.

- Се гарантира доверливост на деловните податоци и информации кои што ОДС ги добива од корисниците при вршењето на дејноста во согласност со закон.

- Се забранува злоупотреба на деловните тајни и информации кои што се добиени при вршење на дејноста заради стекнување на деловна корист, како и заради преземање на дискриминаторски дејствија во корист на трети лица. Обврската за обезбедување на доверливост на информациите не се однесува на:

  - информации кои што се достапни до јавноста,

  - информации за кои постои писмена согласност од лицето за кое се однесуваат информациите,

  - информации коишто носителот на лиценцата за вршење на енергетска дејност треба да ги обезбеди согласно со обврските утврдени во лиценцата, одлука на надлежен суд или на барање на државен орган,

  - информации коишто се неопходни за извршувањето на обврските утврдени во лиценцата за вршење на енергетска дејност и

  - информации обелоденети при поднесување на пријава за кривично дело, прекршок или тужба поднесена за долг, надомест на штета, недозволување на пристап, стекнување без основ или по друг основ.

# 4 Раздвојување на дејноста

Со цел за обезбедување на целосно придржување кон начелата за објективност, транспарентност и спречување на дискриминаторско однесување, вертикалното интегрирано претпријатие ЕВН Македонија има спроведено правно, функционално, менаџерско, финансиско и информационо раздвојување на енергетските дејности: производство на електрична енергија, снабдување со електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија.

## 4.1 Правно раздвојување

За реализација на обврската за правно раздвојување на ОДС, ЕВН Македонија како вертикално интегрирано претпријатие кое ги вршеше енергетските дејности производсво, дистрибуција и снабдување со електрична енергија во согласност со Законот за енергетика основаше посебни трговски друштва кои вршат производство, диструбуција и снабдување со електрична енергија. Во тој контекст, почнувајќи од 2012 година производството на електрична енергија од 11 мали хидро електрични централи во сопственост на ЕВН Македонија го врши ЕВН Македонија Електрани ДООЕЛ Скопје, додека ЕВН Македонија Електроснабдување ДООЕЛ Скопје се формираше за вршење на енергетската дејност снабдување со електрична енергија на потрошувачите на отворен пазар. Што се однесува до дејноста дистрибуција на електрична енергија, оваа дејност од 2017 година ја врши ЕВН Електродистрибуција. Сите горе споменати компании имаат добиено соодветни лиценци за вршење на енергетските дејности од страна на РКЕ, со тоа што ЕВН Македонија во моментот на изготвување на оваа Програма е носител на лиценците снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи и снабдување со електрична енергија во краен случај.

## 4.2 Функционално раздвојување

Со цел да се обезбеди објективност, спречување на дискриминаторско однесување и транспарентност во вршењето на енергетската дејност дистрибуција на електрична енергија за сите учесници на пазарот на електрична енергија , ЕВН Електродистрибуција ќе обезбеди независно извршување на дејноста дистрибуција на електрична енергија од останатите дејности кои се извршуваат во рамки на вертикално интегрираното претпријатие.

Од организациската структура на вертикалното интегрирано претпријатие ЕВН Македонија која е дадена на Слика 1, мрежните функции се јасно разграничени од функциите кои ги вршат останатите организациони единици на поврзаните друштва во рамки на ЕВН Македонија.

**Слика 1.** Организациска структура на ЕВН Македонија




На тој начин, лицата кои што се одговорни за управувањето и раководењето на ЕВН Електродистрибуција се единствени кои имаат влијание врз вршењето на функциите кои ги извршува ОДС. Не е дозволено било какво мешање на други лица во секојдневните активности на управување при вршењето на дејноста од страна на ОДС.

Сите оперативни одлуки во врска со управување, одржување и развој на дистрибутивниот систем се носат исклучиво од страна на Лицата кои што се одговорни за управувањето и раководењето на ЕВН Електродистрибуција, на недискриминирачки начин, без никакво влијание од страна на останатите учесници на пазарот на електрична енергија и другите дејности од вертикално интегрираното претпријатие.

Сите одлуки поврзани со одобрување на финансиските средства за функционирање на дистрибутивната мрежа, како и одржување и развој на истата се носат непосредно од страна управителите на ЕВН Електродистрибуција. Одредени одлуки се подложни на одобрување и од страна на Советодавната комисија и единствениот содружник во друштвото ЕВН Македонија, при што се води сметка истите да не ја попречуваат независноста во работење на ОДС како и да бидат независни од влијанието на интересите на учесниците на пазарот за електрична енергија.

ЕВН Електродистрибуција треба да обезбеди одделен финансиски извештај за вршењето на енергетската дејност дистрибуција на електрична енергија.

## 4.3 Менаџерско раздвојување

Именувањето и разрешувањето на управителите на носителите на лиценци за производство, дистрибуција и снабдување со електрична енергија се врши од страна на содружникот по претходна согласност од надзорниот одбор согласно Статутот на Друштвото. Лицата кои се одговорни за управувањето и раководењето со ОДС не учествуваат во управувачките и раководните структури на друштвата за производство, снабдување со електрична енергија, снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи и снабдување со електрична енергија во краен случај. Исто така и лицата кои се назначени за управување на друштвата за производство на електрична енергија, снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи и снабдување со електрична енергија во краен случај и снабдување со електрична енергија не се вклучени во вршење на дејноста што ја извршува ЕВН Електродистрибуција.

Со цел за обезбедување на менаџерско раздвојување на ОДС, лицата одговорни за управување и раководење на ЕВН Електродистрибуција во смисол на оваа Програма:

- не можат да бидат именувани и да учествуваат во управувачките и раководните структури во правните субјекти кои се носители на лиценци за производство, пренос, трговија, снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи, снабдување со електрична енергија во краен случај и снабдување со електрична енергија во рамки на вертикалното интегрирано претпријатие,

- не можат да добиваат надомест или друг додаток од правните субјекти кои се носители на лиценци за производство, пренос, трговија, снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи, снабдување со електрична енергија во краен случај и снабдување со електрична енергија во рамки на вертикално интегрираното претпријатие,

- надоместокот не смее да зависи од финансиските резултати на другите правни субјекти кои се носители на лиценци за производство, пренос, трговија, снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи, снабдување со електрична енергија во краен случај и снабдување со електрична енергија во рамки на вертикално интегрираното претпријатие

- се независни во нивната работа и одлучување,

- се независни од интересите на вертикално интегрираното претпријатие кон кое припаѓа операторот или интересите на поврзаното претпријатие при донесувањето на одлуките во врска со средствата неопходни за функционирање, одржување и развој на системот.

## 4.4 Финансиско и сметководствено раздвојување

ЕВН Електродистрибуција води одделна сметководствена евиденција во врска со вршењето на дејноста дистрибуција на електрична енергија.

ЕВН Електродистрибуција води сметка за отстранување на вкрстеното субвенционирање, спречување на дистрозија на конкуренцијата и правилно алоцирање на трошоците поврзани со работењето на дистрибутивниот систем.

По завршувањето на секоја деловна година, врз основ на одделната сметководствена евиденција, ЕВН Електродистрибуција изработува годишен финансиски извештај кој е предмет на ревизија од страна на независен овластен ревизор. Ревидираниот финансиски извештај се доставува до РКЕ во согласност со обврските од лиценцата за енергетската дејност која ја врши ЕВН Електродистрибуција.

## 4.5 Информационо раздвојување

ЕВН Електродистрибуција обезбедува целосно информационо раздвојување и особено води сметка за следните начела и принципи:

- ОДС ќе обезбеди собирање и обработка на податоците кои му се ставени на располагање во согласност со важечките законски и подзаконски акти кои се на сила.

- Сите комерцијално чувствителни информации за трети страни со кои располага, ОДС ќе ги третира како доверливи согласно важечките законски и подзаконски акти и истите нема да ги разменува со други учесници на пазарот на електрична енергија. ОДС може да размени комерцијално чувствителна информација единствено со претходно одобрување од страната за која се однесува таа информација.

- ОДС ќе ги третира како комерцијално чувствителни информации оние информации кои се ставени на располагање од страна на учесник на пазарот на електрична енергија и притоа е назначено дека тие информации се комерцијално чувствителни или деловна тајна. Доколку не е прецизирано дека определена информација е комерцијално чувствителна, ОДС ќе ги третира како комерцијално чувствителни оние информации кои се однесуваат на финансиските и други услови поврзани со дејноста снабдување со електрична енергија, какви што се: информации за индивидуални договори за снабдување со електрична енергија, информации за однесувањето на учесниците на пазарот на електрична енергија во однос на плаќањата за извршените услуги кон ОДС и кон трети страни, итн.

- ОДС ќе обезбеди недискриминаторен пристап до сите податоци со кои располага а кои се од јавен карактер, под еднакви услови на сите учесници на пазарот на електрична енергија.

- ОДС во целост ќе ги почитува воспоставените правила за размена на податоци и информации кои се на сила. Тие правила треба да гарантираат пристап до јавните податоци со кои располага ОДС под еднакви услови, постапки, трошоци и квалитет, за сите учесници на пазарот на електрична енергија.

- Вработените кои имаат пристап до информации и податоци со комерцијално чувствителен карактер не смеат да бидат искористени за стекнување на конкурентски предности на останатите учесници на пазарот за електрична енергија.

## 4.6 Корпоративна идентификација

Согласно Законот за енергетика ОДС не смее да ги користи предностите на својата вертикална интеграција за да ја наруши конкуренцијата, а особено не смее во својата комуникација и употреба

на својата фирма да создава забуна во однос на посебниот идентитет на претпријатието за снабдување со електрична енергија кое е дел од вертикално интегрираното друштво

ЕВН Електродистрибуција треба да обезбеди посебен корпоративен идентитет кој нема да создава забуна со ЕВН Електроснабдување ДООЕЛ Скопје кое е дел од вертикално интегрираното претпријатие ЕВН Македонија.

ЕВН Електродистрибуција ќе има лого, печат, штембил и меморандум кои го нагласуваат посебниот корпоративен идентитет, кој нема да ги става во заблуда третите лица.

# 5 Обезбедување на заеднички услуги

Поради оптимизација на капацитетите со цел за намалување на трошоците во електроенергетскиот сектор и намалување на притисокот врз тарифите за дистрибуција на електрична енергија, ЕВН Електродистрибуција нема да располага со значителен административен персонал. Административните и други општи активности кои не се карактеристични исклучиво за дејноста дистрибуција на електрична енергија (како на пример, управување со човечки ресурси, комуникации, финансиски услуги, контролинг и сл.) ќе бидат обезбедени од страна на организациските единици во состав на вертикалното интергирано претпријатие ЕВН Македонија. Притоа, обемот и содржината на тие административни и други заеднички услуги нема да се однесуваат на активности директно поврзани со вршење на енергетската дејност дистрибуција на електрична енергија и не смеат да ја нарушат независноста во делувањето на ЕВН Електродистрибуција.

Од друга страна, со преминувањето на определени организациони единици во рамки на ЕВН Електродистрибуција кои претходно вршеле активности и за останатите енергетски дејности кои ќе продолжат да се вршат во рамки на вертикалното интегрирано претпријатие ЕВН Македонија, ЕВН Електродистрибуција може да обезбедува заеднички услуги во рамки на вертикалното интегрирано претпријатие. Во случај ако ЕВН Електродистрибуција обезбедува такви услуги, тие треба да се засноваат на договори во кои се дефинирани карактеристиките на услугите, начинот на обезбедување и нивните цени. Доколку се јави интерес и кај другите учесници на пазарот на електрична енергија, на нивно барање таквите таквите услуги ќе им бидат достапни, во согласност со расположливите капацитети на ЕВН Електродистрибуција, по идентични услови.

# 6 Антикорупција

Се забранува секаков вид на коруптивно однесување во рамките на ЕВН Електродистрибуција. ЕВН Електродистрибуција ќе презема мерки за спречување на коруптивно однесување. Секој вработен во ЕВН Електродистрибуција е должен, доколку воочи, да пријави коруптивно однесување. Коруптивно однесување на вработен вклучува:

- директно или индиректно побарува или прими подарок или друга корист или прими ветување за подарок или друга корист за себе или за друг за да изврши службено дејствие што не би смеело да го изврши или да не изврши службено дејствие што би морало да го изврши.

- давање, ветување или нудење подарок или друга корист за него или за друг за да изврши службено дејствие што не би смеело да го изврши или да не изврши службено дејствие што би морало да го изврши или тој што посредува при ова.

# 7 Имплементација на Програмата

ЕВН Електродистрибуција ќе ја спроведува Програмата континуирано. За да се обезбеди поголема ефикасност, ЕВН Електродистрибуција, по одобрување од страна на РКЕ, ќе донесе акт со кој ќе назначи Одговорно лице за следење на Програмата согласно актите на друштвото, со кој поблиску ќе се утврдат задачите во поглед на:

- следење и имплементација на Програмата, усогласување на внатрешните акти и процеси на компанијата со Програмата,
- предлагање на мерки за подобрување на Програмата,
- ажурирање на Програмата,
- изготвување на годишен извештај за спроведување на Програмата.

Времетраењето на мандатот на одговорното лице се утврдува во актот со кој се назначува за одговорно лице. За време на мандатот, Одговорното лице не смее да има професионална позиција, надлежност или интерес, директно или индиректно, во било кое друго поврзано друштво од вертикално интегрираното претпријатие.

Одговорното лице може да присуствува на состаноците на корпоративните тела на ОДС. Треба да учествува на состаноци каде посебно се дискутира за: условите за пристап и приклучување на дистрибутивната мрежа, како и за методологиите за утврдување на надоместоци, плановите за развој, одржување и инвестирање во дистрибутивниот систем, набавките на електрична енергија за покривање на загубите во дистрибутивниот систем, како и за управувањето на дистрибутивниот систем.

Одговорното лице за следење на Програмата најдоцна до 30 јуни во тековната година треба да изготви извештај за спроведување на Програмата за претходната година и истиот да го достави до РКЕ. Во извештајот се наведени мерки преземени во текот на претходната година и мерки што треба да се преземат во наредната година. Извештајот по предходно одобрување од страна на РКЕ се објавува на веб страницата на ОДС.

Одговорното лице има пристап до сите потребни информации од ОДС, како и на секое поврзано друштво со ОДС во рамки на вертикално интегрираното претпријатие, со цел да ги исполни своите задачи. Добиените информации се сметаат за доверливи и истите не смеат да бидат споделени со трети страни.

Одговорното лице има пристап до сите деловни простории на ОДС без претходно да се најави.

По одобрувањето од страна на РКЕ, ЕВН Електродистрибуција ќе ги информира сите вработени за донесувањето на Програмата, при што ќе побара вработените строго да се придржуваат кон начелата дефинирани во Програмата.

При склучување на Договор за вработување или друг соодветен договор (за ангажирање за работа која е надвор од работниот однос) ЕВН Електродистирбуција е должна да го запознае

вработеното, односно ангажираното лице, со одредбите од оваа Програма. Вработеното лице, при склучување на договор за работа или друг соодветен договор, потпишува изјава со која се потврдува дека е запознато со одредбите од оваа Програма како и правните последици кои се однесуваат на непочитување на Програмата.

За непридржување кон одредбите од оваа Програма, вработените во ЕВН Електродистрибуција може да се соочат со постапка за утврдување на дисциплинска одговорност согласно актите на друштвото. За ангажираните лица кои имаат договор за извршување на одредени работа, ЕВН Електродистрибуција ќе покрене соодветна судска постапка.

# 8 Влегување во сила

Програмата влегува во сила со денот на одобрување од страна на РКЕ, по што ЕВН Електродистрибуција ќе ја објави истата на својата интернет страница.